# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 69 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), член 36 став 3 од Законот за девизно работење („Службен весник на РМ“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03 и 81/08) и точка 24 од Одлуката за менувачки работи („Службен весник на РМ“ бр. 31/09, 34/09 и 66/09), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

## У П А Т С Т В О
### за изменување на Упатството за спроведување на Одлуката за менувачки работи

1. Во Упатството за спроведување на Одлуката за менувачки работи („Службен весник на РМ“ бр. 38/09), точката 11 се менува и гласи:

„11. Одредбите од точката 10 став 2 на Упатството ќе се применуваат од 01.07.2010 година. Во периодот до 30.06.2010 година, којшто е определен како тест-период, овластениот менувач ќе го доставува до Народната банка збирниот декаден извештај за прометот остварен од менувачки работи, на образецот ИМР 1, електронски, преку интернет-апликација. Во периодот до 30.06.2010 година, овластениот менувач е должен да го доставува до Народната банка збирниот декаден извештај за прометот остварен од менувачки работи, на образецот ИМР 1 и во печатена форма, во рок од 2 (два) работни дена.“

2. Упатството влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

У. бр. 2206/3
09.11.2009 година
Скопје

Гувернер
м-р Петар Гошев